Кенет Е. Хегин

# ЗОШТО ЈАЗИЦИ?

## ПРВ ДЕЛ

## 1

# Библиски начин да се прими Светиот Дух

Исполнувањето на новозаветните верници со Светиот Дух треба да биде нашиот образец денес. Предлагам да ја погледнеме книгата Дела на апостолите, да видиме како тие го правеле тоа и да го следиме нивниот пример во исполнувањето на луѓето со Светиот Дух.

Во првото поглавје од Дела, непосредно пред Исус да се вознесе на небото, ја гледаме оваа прекрасна сцена:

**Дела 1:4-5**

„Еднаш кога ги собра, Тој им заповеда: ‘Не оддалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот што сте го слушале од Мене: Јован крштаваше со

вода, а вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух’“.

А потоа на денот на Педесетница:

**Дела 2:1-4**

„Кога дојде денот Педесетница, сите апостоли беа заедно и на исто место. Тогаш ненадејно се создаде шум од небото, како силен ветар кога дува, и ја исполни целата куќа, каде што седеа. И им се јавија јазици како од пламен, кои се разделуваа и се спуштија по еден над секого од нив посебно. И сите се исполнија со Дух Свети, и почнаа да зборуваат на други јазици, онака како што им даваше Духот Свети да изговараат“.

Пред многу години како млад деноминациски пастор кој го чита Новиот завет, Светиот Дух ме просветли и бев убеден дека ако го примам истиот Свет Дух што тие го добиле, ќе го имам истиот првичен знак што го тие го имале:

библискиот доказ, зборување јазици. Не сакав да се задоволувам со ништо друго. Зборувањето на јазици не е Светиот Дух. А Светиот Дух не е зборување јазици. Но, тие одат рака под рака.

## Исполнување на верните во Самарија

Настаните опишани во Дела на апостолите опфаќаат неколку години. Осум години по денот на Педесетница го гледаме Филип како им го пренесува евангелието на луѓето од Самарија:

**Дела 8:5-8, 12**

„Така Филип слезе во еден самарјански град и таму им Го проповедаше Христос. Народот еднодушно внимаваше на тоа што зборуваше Филип, слушајќи и гледајќи ги чудата што ги правеше тој. Зашто нечисти духови со голем вик излегуваа од оние во кои се наоѓаа, и мнозина неподвижни и сакати оздравуваа. И голема радост настана во

тој град....  Но, кога му поверуваа на Филип, кој го проповедаше Евангелието за царството Божјо и за името на Исус Христос, почнаа да се крштаваат мажи и жени“.

Овие стихови ми помогнаа да видам дека постои искуство по спасението наречено примање на Светиот Дух. Бев научен дека кога го добиваме спасението, го добиваме и Светиот Дух - што е точно во извесна смисла. Но, мојата деноминација поучуваше дека тоа е сè што може да се добие од Светиот Дух.

Исус рекол, „*Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден*“, (Марко 16:15-16). Овие самарјани поверувале и се крстиле (Дела 8:12). Дали биле спасени? Според Исус биле спасени.

Има учество на Светиот Дух во новото раѓање, но тоа не се нарекува примање

на Светиот Дух; тоа се нарекува повторно раѓање, примање вечен живот. Постои искуство по спасението наречено примање или исполнување со Светиот Дух.

Кога апостолите во Ерусалим слушнале за прекрасните работи што Бог ги направил преку службата на Филип во Самарија, ги испратиле Петар и Јован да ги положат рацете на новообратените за да го примат Светиот Дух.

**Дела 8:14-17**

„Кога слушнаа апостолите што беа во Ерусалим дека Самарија го примила словото Божјо, ги пратија кај нив Петар и Јован. Тие, штом слегоа, се помолија за нив за да го примат Духот Свети. Зашто сѐ уште не беше слегол ниту на еден од нив, а само беа крстени во името на Господ Исус. Тогаш апостолите положија над нив раце и тие Го примија Светиот Дух“.

Сега, некои кои се противат на зборувањето на јазици тврдат дека Библијата не ни кажува дека самарјаните зборувале на јазици кога го примиле Светиот Дух. Но, не ни кажува и дека не зборувале! Студентите по црковна историја знаат дека првите црковни отци се согласуваат дека самарјаните зборувале на јазици. И, исто така, се чини дека е очигледно од овој пасус дека тие зборувале на јазици:

**Дела 8:18-19**

„А Симон, кога виде дека Духот Свети се дава со полагање раце од апостолите, им донесе пари. И им рече: 'Дајте ми ја и мене таа власт, та над кого и да ги положам рацете, да Го прими Духот Свети!'"

„А Симон, кога виде . . .", вели Словото. Не можете да го видите Светиот Дух. Тој е Дух и не може да биде виден со физички очи. Сигурно имало некаков физички знак штом Симон видел дека

тие го примиле Светиот Дух, нешто што било видливо за сетилата на Симон. Сите докази укажуваат на тоа дека видливиот знак било зборувањето на јазици.

## Исполнувањето на верниците во домот на Корнелиј

Околу 10 години по денот на Педесетница, Словото ни кажува дека Петар отишол во домот на Корнелиј за да го сподели евангел иeто.

**Дела 10:44-46**

„Додека Петар уште ги зборуваше тие зборови, Дух Свети слезе над сите што го слушаа словото. А обрезаните верници, што беа дојдени заедно со Петар, се изненадија што дарот на Светиот Дух се излеа и над незнабошците. Зашто ги слушаа како зборуваат на разни јазици и Го возвеличуваат Бога“.

Читајќи го целиот извештај за оваа случка, гледаме дека на Корнелиј му се јавил ангел и му рекол да испрати луѓе во

Јопа за да го побараат Симон Петар во куќата на еден човек, „*Тој ќе ти каже зборови, преку кои ќе бидеш спасен ти и целиот твој дом*“, (Дела 11:14). Ниту Корнелиј ниту неговото семејство биле спасени. Тие биле еврејски прозелити. Човек не може да се спаси без да го слушне евангелието. Тие не знаеле за Исус. Затоа Петар им проповедал. Тие поверувале додека стоеле таму и се новородиле додека Петар уште проповедал. Потоа го примиле Светиот Дух и зборувале на јазици пред тој да ја заврши својата порака.

Забележете дека токму зборувањето на јазици ги убедило придружниците на Петар дека овие неевреи го примиле Светиот Дух. Еврејските верници биле вчудовидени што Светиот Дух се излеал и врз не-Евреите.

## Исполнување на верниците во Ефес

Потоа, 20 години по денот на Педесетница, Павле отпатувал во Ефес.

Таму се сретнал со некои верници и ги поучил за Личноста на Светиот Дух.

**Дела 19:1-3,6**

„Додека Аполос беше во Коринт, Павле откако мина низ горните земји, дојде до Ефес. Таму сретна некои ученици. И им рече: ‘Кога поверувавте, примивте ли Дух Свети?’ А тие му одговорија: ‘Ние не сме ни слушнале дека има Дух Свети’. Тој им рече: ‘А како бевте крстени?’ Тие одговорија: ‘Со Јовановото крштевање’..... И кога Павле ги положи рацете над нив, слезе Духот Свети на нив. Тогаш тие почнаа да зборуваат на разни јазици и да пророкуваат“.

Како што гледаме од стиховите погоре, овие верници во Ефес никогаш не слушнале за Светиот Дух. Но, кога Павле ги положил рацете врз нив, Светиот Дух слегол врз нив и тие почнале да зборуваат на јазици. Секој од нив - без да чека, без пофалба - се исполнил со Светиот Дух и зборувал на други јазици

како што Божјиот Дух им давал да зборуваат.

## Павловото исполнување со Духот

Павле, кој положил раце на овие луѓе, претходно бил познат како Савле од Тарс. Извештајот за неговото искуство на примањето на Светиот Дух се наоѓа во деветтото поглавје од Дела на апостолите.

**ДЕЛА 9:10-12, 17**

„Во Дамаск, пак, имаше еден ученик по име Ананија, кому во видение Господ му рече: ‘Ананија!’ А тој одговори: „Еве ме Господи!’ Тогаш Господ му рече: ‘Стани и оди во улицата што се вика Права, и во домот Јудин побарај го човекот од Тарс, по име Савле; ете, тој сега се моли’. И во видение виде еден човек, по име Ананија, како му пријдува и полага раце над него, за да може да прогледа.... А Ананија отиде и влезе во куќата и, откако ги положи рацете свои над него, рече:

‘Брате Савле, Господ Исус, Кој ти се јави по патот, по кој доаѓаше, ме прати за да прогледаш и да се исполниш со Дух Свети’“.

Савле, подоцна познат како Павле, веднаш го примил Светиот Дух. Тој не морал да чека. Тој веднаш го примил Духот.

„Но, не пишува дека зборувал на јазици“, можеби некој ќе се спротивстави. Вистина е, овде не пишува за тоа. Но, Павле вели дека зборувал на јазици. Тој ќе рече, „*Му благодарам на Мојот Бог зашто зборувам на други јазици повеќе од сите вас*“, (1 Коринќаните 14:18). Знаеме дека тој не почнал да зборува на јазици пред да го прими Светиот Дух. Не би требало да биде премногу тешко да се открие кога започнал. Тој почнал кога го примил Светиот Дух, како и ние останатите, зашто јазиците го придружуваат тоа искуство. Зборувањето на јазици е почетен натприроден знак

или доказ за престојувањето на Светиот Дух.

Тоа е почеток на сето тоа. Во својот живот открив дека колку повеќе се молам и го обожавам Бог на јазици, толку повеќе искусувам манифестирање на другите дарови на Духот. Колку помалку зборувам на јазици, толку помалку се манифестираат тие. Зборувањето на јазици е вратата за останатите духовни дарови.

## ВТОР ДЕЛ

## 1

# Десет причии зошто секој верник треба да зборува на јазици

*„А знаците, на оние што ќе поверуваат . . . ќе зборуваат нови јазици“*

—Марко 16:17

Апостол Павле пишува многу за зборувањето на други јазици. Тој очигледно го практикувал она што го проповедал затоа што рекол, „*Му благодарам на Мојот Бог зашто зборувам на други јазици повеќе од сите вас*“, (1 Коринќаните 14:18). И јас, фала му на Бог, редовно зборувам на јазици и на секој верник би му го посакал истиот благослов и извор на сила во неговото секојдневие. Целта на вториот дел од ова книгата е да ги наведе главните причини

зошто секој христијанин треба да зборува на јазици и да им помогне на другите верници да ги видат благословите што можат да бидат нивни преку секојдневно чекорење во силата на Светиот Дух.

## Причина 1 – Јазиците како првичен знак

**Дела 2:4**

„И сите се исполнија со Дух Свети, и почнаа да зборуваат на други јазици, онака како што им даваше Духот Свети да изговараат".

Божјото Слово учи дека кога сме исполнети со Светиот Дух, зборуваме на други јазици како што Божјиот Дух ни дава да зборуваме. Тоа е првичниот доказ или знак за крштавањето со Светиот Дух. Затоа, првата причина зошто луѓето треба да зборуваат на други јазици е зашто е натприроден доказ за престојување на Духот.

Во Дела на апостолите, поглавје 10, читаме дека браќата Евреи кои дошле со Петар во куќата на Корнелиј биле зачудени кога виделе дека дарот на Светиот Дух е излеан врз не-Евреите. Тие мислеле дека тоа е само за Евреите. Како знаеле овие Евреи дека семејството на Корнелиј го примил дарот на Светиот Дух? „*Зашто ги слушаа како зборуваат на разни јазици*“, (Дела 10:46). Зборувањето на јазици бил натприродниот знак што ги убедил дека и не-знабошците го имаат истиот дар како и тие.

## Причина 2 – Јазици за духовна изградба

### 1 КОРИНЌАНИТЕ 14:4

„Кој зборува на друг јазик, тој се надградува сам себе“.

Во писмото до црквата во Коринт, Павле ги охрабрил верниците да продолжат со практиката на зборување други јазици во

нивното обожавање на Бог и во нивниот молитвен живот како средство за духовно изградување. Стручњаците по грчкиот јазик ни кажуваат дека имаме збор во нашиот современ народен јазик што е поблизок до значењето на оригиналот отколку зборот **надградува**. Тој збор е **полнење**, како што се употребува во врска со полнење на батеријата. Затоа би можеле да го парафразираме овој стих, „Кој зборува на непознат јазик, се изградува, се полни, се гради како батерија". И ова прекрасно, натприродно средство за духовно изградување - забележете дека тоа не е ниту ментално ниту физичко изградување - е за сите Божји чеда.

## 1 КОРИНЌАНИТЕ 14:2

„Зашто оној, кој зборува на друг јазик, тој не им зборува на луѓе, туку на Бога; бидејќи никој не го разбира, а со Духот кажува тајни".

Преводот на овој стих на Џејмс Мофат вели, „Тој зборува божествени тајни“. Бог ѝ дал на црквата божествено, натприродно средство за комуникација со Него.

## 1 КОРИНЌАНИТЕ 14:14

„Зашто, ако се молам на друг јазик, се моли мојот дух; умот, пак, мој останува бесплоден“.

Забележете дека овде вели, „*Се моли мојот дух*“. Динамичниот превод гласи, „Мојот дух (преку Светиот Дух во мене) се моли“.

Бог е Дух. Кога се молиме на јазици, нашиот дух е во директен контакт со Бог, Кој е Дух. Ние разговараме со Него преку божествено, натприродно средство.

Неверојатно е како некои луѓе читајќи ги овие стихови повторно прашуваат, „Која е вредноста во зборувањето на јазици? Ако Божјото Слово вели дека зборувањето на јазици има вредност,

тогаш навистина има вредност. Ако Бог вели дека изградува, тогаш навистина изградува. Ако Бог вели дека тоа е натприродно средство за комуникација со Него, тогаш тоа навистина е натприродно средство за комуникација со Него. Ако Бог вели дека секој верник треба да зборува на јазици, тогаш секој верник навистина треба да зборува на јазици. Исус не рекол дека само неколкумина треба да зборуваат на јазици. Тој рекол, „*А знаците, на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие . . . ќе говорат нови јазици*“, (Марко 16:17). „Оние“ е множина и се однесува на сите што веруваат.

## Причина 3 – Јазиците нѐ потсетуваат на присуството на Духот во нас

**Јован 14:16-17**

„Јас ќе Го помолам Отецот, и Тој ќе ви даде друг Утешител за да биде со вас довека. Духот на вистината, Кого светот

не може да Го прими, зашто не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде“.

Хауард Картер, кој долги години бил генерален надзорник на „Божјите собранија“ (*Assemblies of God*) во Велика Британија и основач на најстарата пентекостална библиска школа во светот, истакнал дека не смееме да заборавиме дека зборувањето на други јазици не е само првичниот доказ за исполнување со Светиот Дух, туку е постојано искуство до крајот на животот. За која цел? Да ни помогне во обожавањето на Бог. Зборувањето на јазици е течен поток кој никогаш не треба да пресуши и кој духовно го збогатува нашиот живот.

Продолжувањето да се молиме и да го обожаваме Бог на јазици, ни помага секогаш да бидеме свесни за Неговото присуство во нас. Ако сум свесен за присуството на Светиот Дух секој ден, тоа

сигурно ќе влијае на начинот на кој живеам.

Дванаесетгодишната ќерка на еден пастор еднаш се изнервирала и зборувала грубо и со омраза со својата мајка. Еден евангелизатор кој бил во посета во нивнот дом тој ден бил сведок на сцената. Кога девојката го подигнала погледот и го видела, знаејќи дека тој го забележал нејзиниот бес, таа се засрамила и се расплакала.

„Многу ми е жал што ме видовте како постапувам така и слушнавте што реков“, рекла таа.

„Душо“, одговорил тој, „има Еден поголем од мене кој те виде и те слушна. Ти си христијанинка, нели?“

„Да“.

„И исполнета со Духот? прашал тој.

„Да“.

„Па тогаш, Светиот Дух е во тебе. Тој знае што кажа и како постапи. Но, ако се покаеш, Господ ќе ти прости“.

Тие се молеле заедно. Таа се покајала и за кратко време почнала да го обожава Бог на јазици.

Потоа ѝ рекол, „Еве една тајна што ќе ти помогне да го заууздаш темпераментот. Ако секој ден се молиш и го обожаваш Бог на јазици, тоа ќе ти помогне да бидеш свесна за присуството на Светиот Дух. Ако се сетиш дека Тој е во тебе, нема да постапуваш така“.

Неколку години подоцна, евангелизаторот се вратил да проповеда во истата црква, а ќерката на пасторот му рекла, „Никогаш не заборавив што ми рековте. Секој ден во изминатите неколку години се молев и го обожавав Бог на јазици, и никогаш повеќе не се изнервирав“.

За жал, сите знаеме луѓе кои биле исполнети со Светиот Дух, но сепак, губат

нерви и кажуваат и прават работи што не треба. Ова е само затоа што тие не оделе во Духот како што треба. Многу е лесно, кога не сме свесни за Неговото присуство, да бидиме иритирани и фрустрирани. Но, ако одвоиме време да бидеме со Него, можеме секогаш да бидеме свесни за Неговото присуство во нас.

## Причина 4 – Молитвата на јазици е молитва во согласност со Божјата совршена волја

**РИМЈАНИТЕ 8:26-27**

„Исто така и Духот нè поткрепува во нашата немоќ; бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување. А Оној Кој ги истражувал срцата, знае каква е мислата на Духот, бидејќи Тој по волјата на Бога посредува за светиите“.

Зборувањето на јазици ја елиминира себичноста од нашите молитви. Молитвата од нашиот ум и размислување може да биде небиблиска. Може да биде себична. Премногу често нашите молитви се како оние на стариот фармер кој се молел, „Бог да нè благослови мене, жена ми, мојот син Џон, неговата сопруга и ништо друго“.

Во стихот цитиран погоре, Павле не вели дека не знаеме како да се молиме затоа што знаеме. Му се молиме на Таткото во името на Господ Исус Христос, што е правилен начин да се молиме. Но, само затоа што знам како да се молам не значи дека знам за што да се молам. Павле рекол, „*Бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување*“.

П. К. Нелсон, професор по грчки јазик, вели дека во оргиналниот грчки овој текст буквално значи, „Светиот Дух се

застапува за нас со воздивнување што не може да се каже со артикулиран говор“. Артикулиран говор значи говор кој редовно го користиме. Тој потоа посочува дека во грчкиот текст се нагласува дека ова не вклучува само воздивнување што излегува од устите во молитва, туку и молење на други јазици. Ова се совпаѓа со она што Павле го рекол во 1 Коринќаните 14:14, „*Зашто, ако се молам на друг јазик, мојот дух се моли. . .*“ Или, како што пишува во динамичниот превод, „*Мојот дух (воден од Светиот Дух во мене) се моли*“.

Кога се молите на јазици, вашиот дух се моли преку Светиот Дух во вас. Светиот Дух ја дава инспирацијата, а вие само го искажувате тоа од вашиот дух. Вие зборувате. Тој го дава поттикот. Со овој метод, Светиот Дух ви помага да се молите според Божјата волја, онака како што треба да се молите.

Ова не е нешто што Светиот Дух го прави одвоено од нас. Тие воздивнувања доаѓаат од нас и излегуваат од нашите усти. Светиот Дух нема да се моли за нас. Тој е испратен да живее во нас како Помошник и Посредник. Тој не е одговорен за нашите молитвени животи; Тој е испратен да ни помогне да се молиме.

Молитвата на други јазици е молитва според водството на Духот. Тоа е молитва водена од Духот. Таквата молитва ја елиминира можноста за себичност во нашите молитви.

Многупати, кога луѓето се молеле од сопствениот ум, добивале работи што всушност не биле Божјата волја и најдоброто за нив. Ако Божјиот народ инсистира да ги има работите на одреден начин, дури и ако тоа не е најдобро за нив или не е Божјата совршена волја, Тој често го дозволува тоа. Бог не сакал Израел да има цар, но

тие постојано инсистирале да имаат цар. Така Тој им дозволил да имаат. Но, тоа не било Неговата совршена волја.

## Причина 5 – Молитвата на јазици ја стимулира верата

**Јуда 1:20**

„Но вие, драги пријатели, продолжете да ги градите вашите животи врз темелите на нашата света вера. Молете се, водени од Светиот Дух“.

Молитвата на јазици ја поттикнува верата и ни помага да научиме поцелосно да му веруваме на Бог. Ако Светиот Дух натприродно ги насочува зборовите што ги кажувам, тогаш мора да се практикува вера за да се зборува на јазици. Зашто не знам кој ќе биде следниот збор, едноставно му верувам на Бог за тоа. И верувањето на Бог во една реченица ќе ми помогне да му верувам во друга.

Како млад баптистички проповедник, јас бев пастор на една црква и престојував во домот на еден брачен пар, методисти. Сопругата беше фина и мила жена, која го сакаше Господ. Но, таа имаше чир на желудникот за кој лекарите стравуваа дека ќе дојде до рак. Нејзиниот сопруг добро заработуваше, но сè што имаа го даваа по доктори. Знаев дека Бог може да ја излечи и дека ќе го стори тоа, но некако никогаш не можев да ја подигнам нејзината вера до таа точка. Таа јадеше само мека храна и млеко и имаше тешкотии да го задржи тоа во желудникот. Но, еден ден се случило нешто прекрасно! Таа била исполнет со Светиот Дух. Кога влегов, таа јадеше храна што никогаш не можеше да ја јаде. „Не само што го примив крштевањето на Светиот Дух и зборував на други јазици“, ми рече таа, „туку го добив и моето исцеление. Јас сум совршено здрава“. И навистина беше.

Многупати бев сведок на вакви слични сведоштва. Која е врската? Знаеме дека примањето на крштавањето на Светиот Дух не нѐ лекува. Меѓутоа, зборувањето на јазици ни помага да научиме како поцелосно да му веруваме на Бог. Зборувањето на јазици ни помага да му веруваме на Бог за други работи бидејќи ја поттикнува нашата вера.

## Причина 6 – Зборувањето на јазици, средство за заштита од световната контаминација

**1 Коринќаните 14:28**

„Ако пак, нема толкувач, тогаш в црква да молчат, а нека си зборуваат во себе и на Бога“.

Шестата причина зошто секој христијанин треба да зборува на јазици е тоа што тоа е средство да се заштитиме од контаминацијата на безбожното и несветото, и од сите вулгарни разговори

околу нас на работа или надвор во јавноста.

Забележете од стихот погоре дека можеме да си зборуваме на јазици. Павле вели дека во црковната служба, „*Ако некои зборуваат на непознат јазик, двајца или најмногу тројца, нека зборуваат по ред, а еден да толкува. Ако пак, нема толкувач, тогаш в црква да молчат, а нека си зборуваат во себе и на Бога*“, (1 Коринќаните 14:27-28).

Ако можеме да зборуваме со себеси и со Бог на црковната служба, можеме да го правиме тоа и на работа. Тоа нема да вознемири никого. Кога одам на бербер, на пример, кога мажите кажуваат вулгарни шеги, јас само седам и зборувам со себеси и со Бог на јазици. Кога патуваме со воз, автобус или авион, можеме да зборуваме со себеси и со Бог. На работа можеме да зборуваме со себеси и со Бог. Зборувањето на јазици со себеси и со Бог ќе биде средство за заштита од контаминацијата.

## Причина 7 — Молитвата на јазици нѐ оспособува да се молиме за непознатото

Молитвата на јазици обезбедува начин како да се молиме за работи за кои никој не мисли да се моли, па дури и не е свесен. Веќе знаеме дека Светиот Дух ни помага да се молиме за она што не знаеме да се молиме како што треба. Но, покрај тоа, Светиот Дух, Кој знае сѐ, може да се моли преку нас за работи за кои нашиот природен ум не знае ништо.

Еден англиски мисионер во Африка додека бил дома на отсуство бил поканет да зборува на мисионерска конференција кога една жена го прашала дали води дневник. Тој одговорил дека веќе води дневник. И тогаш таа започнала разговор, „Една ноќ пред две години се разбудив со бреме да се молам. Станав од креветот и зборував на јазици пред да паднам на колена. Еден час се молев на јазици, и се чинеше како

да се борам. Кога завршив со молитвата, имав видение. Ве видов во мала тревна колиба, опкружена со домородци. Вие бевте болен. Потоа умревте. Видов како домородците ве покриваат со чаршаф преку глава и тажно излегуваат од колибата. Одеднаш излеговте од колибата и застанавте меѓу нив, а сите домородци се радуваа“.

Потоа, мисионерот ја прашал дали и таа води дневник и ја замолил да го донесе попладнето. Споредувајќи ги дневниците и пресметувајќи ја временската разлика меѓу Англија и Африка, тие откриле дека времето кога жената добила поттик да се моли точно се совпаѓа со времето кога мисионерот бил болен од смртоносна треска. Неговиот партнер бил отсутен, а тој бил сам со домородците. Работите се случиле токму онака како што жената ги видела во визија: мисионерот умрел, домородците го виделе мртов и го покриле со чаршаф преку главата, а тој

одеднаш станал жив и здрав! Поради Божјиот Дух!

Во 1956 година, кога јас и жена ми бевме во Калифорнија, ненадејно се разбудив во ноќта. Како некој да ја стави раката врз мене. Седнав исправено на креветот, а срцето ми чукаше забрзано.

„Господи", извикав, „што е работата? Знам дека некаде нешто не е во ред. Свети Душе во мене, Ти знаеш сѐ. Ти си насекаде, како и во мене. Што и да е ова, ти ми даваш поттик да се молам".

Се молев на јазици еден час, а потоа почнав да се смеам и да пеам на јазици. (Кога се молите на овој начин, секогаш продолжете да се молите додека не добиете поттик за славење. Тогаш ќе знаете дека тоа за што сте се молеле е решено). Знаев дека се случи пробив за она за што се молев. Добив одговор на молитвата, па се вратив да спијам.

Го сонував мојот најмлад брат како е екстремно болен во Луизијана. Видов

амбулантно возило со трепкачки светла како го носи во болница. Во сонот, стоев во ходникот пред вратата на неговата болничка соба. Вратата беше затворена. Потоа докторот излезе од таа врата, ја затвори зад себеси, ми фати за рака и рече, „Тој е мртов“.

„Не, докторе, тој не е мртов“, одговорив.

„Како не е мртов?“

„Господ ми кажа дека тој ќе живее и нема да умре“. На тоа докторот се налути и рече, „Дојди со мене и ќе ти покажам дека е мртов. Имам прогласено премногу луѓе за мртви за да знам кога некој е мртов“. Ме фати за рака и ме одведе во собата на брат ми. Тој отиде до креветот и го тргна чаршафот. Кога го стори тоа, очите на брат ми се отворија. Докторот виде дека дише. Почна да пелтечи, „Знаеше нешто што јас не го знаев. Тој е жив, нели?“

Во сон го видов брат ми како станува од креветот, здрав. Тоа беше она за што се

молев. Три месеци подоцна дојдовме дома во Тексас.

Брат ми дојде да ме види и ми рече, „За малку ќе умрев додека те немаше“. Му кажав дека знаев дека имал напад во текот на ноќта додека престојувал во мотел во Луизијана и дека бил итно пренесен во болница. Мислеше дека некој ми кажал за тоа, но никој ми немаше кажано. Му кажав за моето бреме да се молам, а потоа и за сонот. „Токму така се случи! Ми кажаа дека околу 40 минути во болницата докторот мислел дека сум мртов“.

Молитвата во духот дава начин да се молат работи за кои не би знаеле ништо природно. Меѓутоа, Светиот Дух знае сè.

## Причина 8 — Молитва на јазици

**Исаија 28:11-12**

„Зашто со неразбирлив говор и на туѓ јазик ќе му се зборува на тој народ. Им

говореа: ‘Еве одмор, дајте му одмор на изморениот, и ете му одмор’. Но тие не сакаа да слушаат“.

За каков одмор и освежување зборува текстот погоре? Зборување на други јазици! Понекогаш докторот препорачува одмор како лек, но јас го знам најдобриот на светот. Често кога одите на одмор, морате да се вратите дома и да се одморите пред да се вратите на работа. Но, зарем не е прекрасно што можеме да го земаме овој „лек за одмор“ секој ден? „Ете му одмор...“. Ни треба ова духовно освежување во овие денови на немир, збунетост и вознемиреност.

## Причина 9 — Јазици на благодарење

### 1 Коринќаните 14:15-17

„Па што да се прави? Ќе Му се молам со дух, ќе се молам и со ум; ќе Го воспевам Бога со дух, ќе Му пеам со ум. Зашто, ако благословуваш со дух, како ќе рече „амин!“ на твоето благодарење простиот

човек, кога не разбира што велиш? Ти благодариш убаво, но другиот не се надградува“.

Кога Павле вели, „*Простиот човек*“ во стих 16, тој мислел на оние што се неупатени во духовните работи.

Ако ме поканите на вечера и ми речете, „Ве молам, заблагодарете се за храната;“ и ако се молам на јазици, нема да разберете што ќе кажам. Вие нема да бидете изградени. Затоа, Павле вели дека би било подобро во таков контекст да се молам со разбирливи зборови. Ако навистина се молам на јазици, треба да дадам толкување за го разберете кажаното.

Но забележете дека Павле вели дека молитвата на јазици го обезбедува најсовршениот начин да се молиме и да благодариме бидејќи тој вели, „*Ти благодариш убаво*“, (стих 17).

Меѓутоа, во присуство на луѓе кои се неупатени, Павле вели да се молите и со

вашето разбирање за да можат да се изградат; да разберат што велите.

## Причина 10 — Зборувањето на јазици го покорува јазикот

**Јаков 3:8**

„А јазикот никој не може да го скроти: тој е немирно зло и полн со смртоносен отров“.

Предавањето на нашиот јазик на Светиот Дух за да зборува на други јазици е огромен чекор кон целосно предавање на сите наши членови на Бог. Зашто, ако можеме да го предадеме овој најнепослушен член, можеме да го предадеме секој член.

## Јавниот аспект на јазиците

Како заклучок, сакам да напоменам дека иако првенствено се занимававме со јазиците во приватниот живот на

верникот, исто така е вистина дека има и јавен аспект на јазиците.

Прво, кога луѓето јавно го примаат Светиот Дух, тие зборуваат на други јазици како што ги води Духот.

Второ, црквата се изградува кога на јавните собири се зборува на други јазици, а потоа истите се толкуваат. Павле јасно изјавил дека да се пророкува значи да се „*зборува на луѓето за надградување, охрабрување и утешување*“, (1 Коринќаните 14:3). Но, тој исто така вели, „*Зашто, кој пророкува, е поголем од оној, кој зборува јазици – освен ако и ги толкува*“, (1 Коринќаните 14:5).

Павле вели дека јазиците со толкување се еквивалентни на пророштвото, односно ако зборувањето на јазици се толкува така што црквата може да разбере што е кажано, тогаш пророкувањето не е поголемо.

За илустрација, два парички од пет центи е еднакво на една паричка од десет центи. Сепак, двете парички од пет центи не се едно париче од десет центи. Пророштвото е како паричка од десет центи. Нормално, подобро е да се има паричка од десет центи (пророштво) отколку да се има паричка од пет центи (зборувањето на јазици). Но, ако толкувањето (уште една паричка од пет центи) оди заедно со тоа, тогаш двете би биле еквивалентни на паричка од десет центи.

Овде сакам да кажам дека пророкувањето не е проповедање. Ако пророштвото беше проповедање, тогаш нема потреба да се подготвувате за да проповедате. Но, треба да учите и да се подготвувате за да проповедате. Павле рекол, „*Погрижи се пред Бога да се докажеш како работник кој нема од што да се срами кога верно го проповеда словото на вистината*“, (2 Тимотеј 2:15). Не треба да учите да зборувате на

јазици или да толкувате. Не треба да учите за да пророкувате. Овие нешта доаѓаат со вдахновение на Духот. Се разбира, кога некој проповеда под вдахновение на Духот, и одеднаш кажува работи за кои никогаш не помислил, тоа е вдахновение и еден вид пророштво.

Јазиците со толкување ја изградуваат црквата. Кога се употребува во согласност со Божјото Слово, зборувањето на јазици во комбинација со толкувањето го убедува неверникот за реалноста на присуството на Бог и често прави да се сврти кон Бога и да се спаси.

Исус рекол, „*А знаците, на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие: со Моето име ќе истеруваат демони*“, (Марко 16:17). Тоа може да биде приватно или јавно. „*На болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат*“, (стих 18). Тоа може да биде приватно или јавно. Друг знак е, „*Ќе зборуваат нови јазици*“ (стих 17). И ова е приватно и јавно.

Се разбира, не сакаме долготрајно молење на јазици на богослужбата бидејќи освен ако нема толкување, луѓето не знаат што се зборува и не се изградуваат. Во ред е да се молите на молитвената служба онолку долго колку што сакате бидејќи одите таму за бидете изградени. Ако луѓето на богослужбата креваат раце и се молат, во ред е да се молат на јазици. Јас така се молам секоја вечер на бината. Но, кога собранието ќе престане да се моли, јас престанувам да се молам. Собранието немаше да биде изградувано ако продолжив да се молам на јазици и понатаму.

Треба да знаеме како да го искористиме она што го имаме за да ни биде од најголема полза.

За да добиете книги или други материјали од Кенет Е. Хегин, обратете се кај Фејт Лајбери Брошур (*Faith Library Brochure*).

## Молитва за покајание и примање на Исус како Спасител

Драг небесен Татко, доаѓам кај тебе во името на Исус.

Твоето Слово вели, *„Кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор“,* (Јован 6:37), затоа знам дека нема да ме истераш надвор, туку ќе ме примаш и ти благодарам за тоа.

Во Своето Слово исто така си рекол, „*Бидејќи секој кој ќе го повика името Господово, ќе биде спасен*“, (Римјаните 10:13). Јас го повикувам Твоето Име, и затоа знам дека сега сум спасен.

Исто така си рекол, „*Зашто, ако со устата исповедаш дека Исус е Господ и во срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш; бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение*“, (Римјаните 10:9-10). Верувам

во моето срце дека Исус Христос е Божји Син. Верувам дека Тој воскресна од мртвите за мое оправдување, и сега јас го признавам како мој Господ.

Затоа што Твоето Слово вели, „*Со срцето човекот верува за праведност*“, и јас верувам со моето срце, и затоа сега станав Божја праведност во Христос (2 Коринќаните 5:21). И јас сум спасен!

Ти благодарам, Господи!

Потпис ________________________________

Датум _________________________________